**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-60/1**

**Скопје, 16.01.2007 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КИЧЕВО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Сметката за Наменски дотации на општина Кичево за 2005 година, кои се прикажани на страните од 3 до 4 .

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Сметката за Наменски дотации на општина Кичево за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Владимир Толески, Градоначалник на општина Кичево од 20.04. 2005 до 31.12.2005 година;

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 2 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 30.10. 2006 до 03.11.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.1.1. На сметката на Наменски дотации на општина Кичево на 31.12.2005 година има салдо од 361 илјади денари. Овие средства не се потрошени иако буџетската година е завршена. Причина е неусогласеноста на плановите на корисниците според одобрените средства и потребите. Овие средства се планирани во буџетот за наредната фискална година. Неусогласеноста на плановите и непочитувањето на законските прописи придонесува да на сметката за наменски дотации има салдо на 31 Декември.

**Препорака:**

Градоначалникот да создаде услови средствата на сметката за наменски дотации да се трошат за намените за кои се дотирани од Буџетот на Република Македонија во текот на буџетската година за која се дотирани и согласно финансиките планови на корисниците на тие средства. Финансиските планови да се усогласуваат според одобрените средства и потребите на корисниците.

11. Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Сметката за наменски дотации на општина Кичево на ден 31 Декември 2005 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, кај Сметката на Наменски дотации на општина Кичево остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2005 година.

**Скопје, 28.12. 2006 година** **Овластен државен ревизор**

**НАМЕНСКИ ДОТАЦИИ НА ЕЛС КИЧЕВО**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1 | 4,785 | 0 |
| **Вкупно приходи** | | **4,785** | **0** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1 | 4,424 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **4,424** | **0** |
| **Вкупно расходи** | | **4,424** | **0** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **361** | **0** |

**НАМЕНСКИ ДОТАЦИИ НА ЕЛС КИЧЕВО**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1 | 361 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **361** | **0** |
| **Вкупна актива** | | **361** | **0** |
| **Пасива** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 361 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **361** | **0** |
| **Вкупна пасива** | | **361** | **0** |